# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава од подносителот ---------- ------------- од С-----, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24-та седница одржана на ден 15.11 2019 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријава број 12 - 823/1 од 26.02.2019 година, поднесена од подносителот ---------- ------------- од С-----,, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 12 - 823 од 2019 година, оформен врз основа на пријавата со бр. 12 - 823/1 од 26.02.2019 година.

Предметот со број 12- 813 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 823 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 823/1 од 26.02.2019 година доставена од подносителот ---------- ------------- од С-----.

Добиената пријава содржи наводи за недомаќинско работење и злоупотреба на службената должност од страна на претседателот на Здружението на пензионери Гази Баба, особено при избори за избор на претседател и членови на одборот на огранокот Хиподром при Здружението на пензионери Гази Баба, одржани во месец февруари 2019 година.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање за доставување на податоци и информации од Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, на кое кај Државната комисија е примен одговор – писмено со кој се доставуваат бараните информации и податоци.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека:

- Средствата за работа на граѓанските организации и изворите на финансирање се уредени со Законот за здруженија и фондации,
- Намената на средствата обезбедени во Буџетот на РСМ се уредува со Годишна програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

која ја донесува Владата на предлог на Генералниот секретаријат - Одделение за соработка со невладини организации,

- Согласно евиденцијата на Одделението за соработка со невладини организации, Сојузот на пензионери на Македонија или друго здружение нема добиено средства од Владата на РСМ наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации во периодот 2012-2018 год,

- Согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, на ден 31.01.2019 од страна на Генералниот секретаријат бил објавен Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации, по кој постапката за пријавување завршила на 05.03.2019 година и во тек е постапка за административна проверка на пријавите,

- Од страна на Одделението за соработка со невладини организации, по барање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор подготвило Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ во 2018 година и планирани средства за 2019 година и согласно добиените податоци од Министерството за труд и социјална политика, биле обезбедени средства за финансиска поддршка на Сојузот на пензионери на Македонија за реализација на 23-тите Републички пензионерски спортски натпревари.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека по основ на наводите од доставената пријава нема предметна надлежност за натамошно постапување и постапката по истата се запира.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 823/6**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk